РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е барање во однос на тоа дали лице вработено во кабинетот на Претседателот на Владата на РСМ, можете да се вклучи како локален национален експерт во проектот наведен во барањето за мислење.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019), го издаде следното

## МИСЛЕЊЕ

Согласно член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси „службено лице може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено“.

Согласно член 8 став (2) од истиот закон под поимот „службено лице“ се подразбираат избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Имено, барателот како службено лице може да остварува дополнителен приход само во случај предвиден со горе цитираниот член 44 став 6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**